Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО

| Примено: | 18.05.2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 16 | 246/1 | - | - |

**До:**

**Општина Градско**

## Б А Р А Њ Е

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Во периодот од 2017 до 2019 година, дали Општина Градско имала отворени повици за доделување на средства за здруженија на граѓани? Доколку да, наведете колку такви повици постоеле и колкави средства биле наменети за истите.

2. Во периодот од 2017 до 2019 година, на колку здруженија на граѓани им имате доделено средства за активности и проекти?

3. Наведете ги имињата на здруженијата, типот на активност за кои имаат добиено средства и буџетот кој им бил одобрен од вашата страна за периодот од 2017 до 2019 година.

4. Наведете ги критериумите според кои се оценувани здруженијата на граѓани. Доколку сте имале различни критериуми за различни повици, ве молиме наведете ги критериумите за сите повици одделно, за периодот од 2017 до 2019 година.

5. Доставете ни професионална биографија на членовите на Комисијата/друго тело кое во периодот од 2017 до 2019 година одлучувало по поднесени апликации на отворен повик за доделување на средства на здруженија на граѓани.

6. Доставете ни го Правилникот за работа на Комисијата за избор/друго тело за избор кое одлучувало за доделување на средства за граѓански организации во периодот од 2017 до 2019 година.

7. Наведете број на членови, како и нивен пол, возраст и степен на образование на членовите на Комисијата која одлучувала по однос на пристигнатите апликации за доделување на средства на граѓански организации за периодот од 2017 до 2019 година.

8. Доставете табеларен приказ за тоа колку средства граѓанските

организации побарале во своите апликации преку јавниот повик на вашата институција, а колку им биле одобрени од вашата страна за периодот од 2017 до 2019 година

9. Дали во периодот од 2017 до 2019 доставувавте писмено/електронско образложение на здруженијата на граѓани на кои им се доделени помалку средства од оние кои ги наведеле во апликационата форма?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во Скопје, 15.05.2020 година .**

**Потпис**

______________________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561/Goce Delcev no.18 Skopje, PO.Box.561 тел./phone:+389 2 3127 453;+389 2 3118 038 факс/fax 3114 695